Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 76, 15 март 2012 година

март 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економетрија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област тромбон на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за оценка на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација и оспособеноста на кандидатот м-р Стојанче Мијалковски за научна работа ........ 16

**РЕФЕРАТ** за оценка на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација и оспособеноста на кандидатот м-р Радмила Каранакова-Стефановска за научна работа ........ 21

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 27

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМЕТРИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-326/14 од 21.12.2011 година, донесена на 22. седница на Наставно-научен совет на Економскиот факултет, одржана на 20.12.2011 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање ***асистент*** *за научната област* ***економетрија*** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во состав:

- проф. д-р Трајко Мицески (претседател),
- проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска,
- проф. д-р Ристо Фотов.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 9.12.2011 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Костадинка Чабулева.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за избор на еден соработник, објавен во весниците „Дневник” и „Лајм” на 9.12.2011 година, за научната област економетрија **се пријави само кандидатката** м-р Костадинка Чабулева и ги достави потребните документи, според Конкурсот и тоа:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар; странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со еквиваленција на оценките);
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал – доколку такви има);
- уверение за државјанство;
- изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Костадинка Чабулева** е родена на 4 февруари 1982 година во Струмица. Основно образование завршува во ОУ „Моша Пијаде“ во Струмица, во 1996 година, а матурира во ДСУ „Гоце Делчев“ во Валандово, во 2000 година – општа гимназија.

Во учебната 2000/2001 година се запишува на Економски факултет при Стопанската академија „Димитар Апостолов-Ценов” во Свиштов, Република Бугарија и во 2004 год. се стекнува со право на стручен назив дипломиран економист.

По завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на во Стопанската академија „Димитар Апостолов-Ценов” во Свиштов, Република Бугарија и се стекнува со право на академски степен магистер на економски науки**.**

Од август 2011 година, кандидатката е запишена на докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Економскиот институт – Скопје, со пријавена и одобрена тема за изработка на докторска дисертација со наслов ***„Корелативната зависност помеѓу надворешната трговија и економскиот раст на Европската унија".***

Во рамките на своите досегашни ангажмани, м-р Костадинка Чабулева од септември 2008 година до април 2009 година како волонтер во наставно-бразовната работа на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип изведуваше вежби по предметите Статистика и Основи на менаџментот.

Од мај 2009 година работи како помлад асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип каде што покрива предмети како:

- Економетрија,
- Статистика,
- Основи на менаџментот,
- Лидерство на високи перформанси,
- Економика на претпријатие,
- Менаџмент на промени и инвентивност,
- Историја на економска мисла.

Во периодот од 25.9.2011 до 24.11.2011 година година реализира студиски престој во Università Politecnica delle Marche, Faculty of Economics, Анкона, Италија преку Темпус проектот Entrepreneurship and Local Economic Development in Albania, Kosovo and Macedonia, 145061-Tempus-2008-UK-JPHES.

Покрај активното користење на англискиот и бугарскиот јазик (овластен судски преведувач), кандидатката има одлично познавање и на работа со компјутери: Ms Office (Word, Excel, PowerPoint, Visio, Microsoft Outlook), Internet.

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката м-р Костадинка Чабулева достави список на **објавени научни и стручни трудови** со кои се согледува научната активност, а поважни се следниве:

1. ***„Стартиране на фирмите со експортни операции"***, одбранет магистерски труд, Стопанска академија „Д.А. Ценов", Свиштов, Р. Бугарија, 2006
2. ***„Корелациска зависност меѓу живородени деца и склучени бракови и живородени деца и разведени бракови во Република Македонија"***- м-р Костадинка Чабулева, проф. д-р Трајко Мицески, Тамара Јованов, Годишен зборник 2009, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр.150-161
3. ***„Корелациска зависност меѓу природниот прираст на населението и живородени деца и починати лица во Република Македонија"***- Тамара Јованов, проф. д-р Трајко Мицески, м-р Костадинка Чабулева, Годишен зборник 2009, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр.230-239
4. ***"Agriculture investments in developing countries"***- Научно-практическа конференция с международно участие, Стопанска академия „Д.А. Ценов"- Свищов, Р. Бугарија, ноември 2009, стр. 101-104
5. "***Problems of information security"***- Conferinţa Internaţională, ediţia a VII-a, 15-16 April 2010, Securitatea informationala 2010, стр. 56-58
6. ***„Анализирање на зависноста помеѓу бруто-домашниот производ и трговијата на мало во Република Македонија во период од 1990 до 2009 година со примена на економетриски модели"*** - проф. д-р Трајко Мицески, м-р Костадинка Чабулева, м-р Душко Јошески, Годишен зборник 2010, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, стр. 41-53
7. ***"Characteristics of portfolio under risk" –*** Ljupco Davcev, assist. prof., Phd, Kostadinka Cabuleva, Assistant MSc., Tamara J. Marjanova, Assistant MSc. Международна юбилейна научна конференция, Стопанска академија „Д.А. Ценов"- Свиштов, Р. Бугарија, ноември 2011, стр. 471-476, Volume 1.
8. ***"Marketing strategy – foundation for SMEs development on macedonian consumer market of confectionery products" –*** Tamara J. Marjanova, Assistant MSc., Ljupco Davcev,

assist. prof., PhD, Kostadinka Cabuleva, Assistant MSc, Dushan Milanov, MBA Master Student. Международна юбилейна научна конференция, Стопанска академија „Д.А. Ценов"- Свиштов, Р. Бугарија, ноември 2011, стр. 487-494, Volume 3.

9. *"Export and GDP: The case of Macedonia"* **–** Kostadinka Cabuleva, Assistant MSc, Tamara J. Marjanova, Assistant MSc., Ljupco Davcev, assist. prof., PhD. Международна юбилейна научна конференция, Стопанска академија „Д.А. Ценов"- Свиштов, Р. Бугарија, ноември 2011, стр. 495-498, Volume 3.

***Во процес на издавање:***

1. **Збирка решени задачи Економетрија – проф. д-р Трајко Мицески, м-р Душко Јошески, м-р Костадинка Чабулева**.
2. Софтверска програма Microfit 4.0 - проф. д-р Трајко Мицески, м-р Душко Јошески, м-р Костадинка Чабулева.

**Евалуација на трудот број 1:**

***„Стартиране на фирмите со експортни операции"***

Во овој труде е анализирана и разгледена значајноста на експортот и принудата на претприемачите и менаџерските институции на средните фирми за преоринтирање кон експортот. Продажбата на произведената продукција зад граница т.е. спроведувањето на експортни операции е разгледано како основен пристап на редица претпријатија, за нивно излегување на меѓународниот пазар. Овде се опишени многубројните предностите на извозот како: зголемувањето на продажбите, намалувањето на зависноста од внатрешниот пазар, воедно и предизвиците на извозот, како: валутниот ризик, сложните транспортни и логистични решенија на извозот итн. Во трудот се заклучува  дека за развивање и подобрување на можностите на една фирма да извршува експортни операции е потребно сериозно маркетиншко истражување т.е. истражување на потрошувачите, нивните барања, нивната култура и социјална припадност, конкуренцијата на пазарот, цени итн.

**Евалуација на трудот број 2:**

***„Корелациска зависност меѓу живородени деца и склучени бракови и живородени деца и разведени бракови во Република Македонија"***

Трудот разработува една многу значајна и актуелна тема - намалувањето на наталитетот во нашата држава, од каде што произлегува и значајноста на континуирано следење на факторите кои имаат влијание врз ваквиот негативен тренд на оваа појава. Меѓу стапката на наталитет и стапката на економската развиеност постои висока негативна корелативна зависност, односно стапката на наталитет има сериозни последици врз економијата. Испитувањето на влијанието и степенот на зависност меѓу многуте фактори е извршено со помош на корелациона анализа. Целта на корелацијата е да испита дали помеѓу варијациите на појавите постои квантитативно совпаѓање и колкав е интензитетот на таа врска. Во овој случај, кога се испитува бројот на склучени бракови од една страна и раведени бракови од друга страна и нивната поврзаност со бројот на живородени деца во Р. Македонија е дојдено до сознание дека во случајот кога се испитува зависноста на склучените бракови и живородени деца во периодот од 1979 до 2007 година во Р. Македонија постои висока директна (позитивна) праволиниска корелациска врска, односно 64% од вкупниот варијабилитет на живородените деца е детерминирано со варијабилитетот на склучените бракови, а останатите 36% се влијание на други непредвидени фактори. Во случајот на испитувањето на поврзаноста на бројот на живородените деца и бројот на разведените бракови е утврдено дека постои висока (јака) инверзна (негативна) праволиниска корелациска врска, односно 54% од вкупниот варијабилитет на бројот на живородени деца е објаснет со варијабилитетот на бројот на разведените бракови, а остатокот од 46% е влијание на останати непредвидени фактори. Авторите заклучуваат дека за да се промени негативниот тренд на опаѓање на наталитетот е неопходно да се поведе сметка за создавање на услови и мотивирање на населението за склучување на поголем број бракови, а од друга страна да се елиминираат факторите кои доведуваат до разведување на браковите, со што

во иднина би можело да се очекува позитивен тренд во оваа појава, односно зголемување на бројот на живородени деца, што секако би имало и голем позитивен импакт на целокупната општествена состојба во нашата држава.

**Евалуација на трудот број 3:**
***„Корелациска зависност меѓу природниот прираст на населението и живородени деца и починати лица во Република Македонија"***

Во овој труд е посветено внимание на проблемот со намалувањето на наталитетот во Р. Македонија, при што со помош на корелациона анализа е утврдена поврзаноста помеѓу природниот прираст на населението со живородените деца и со починатите лица. Утврдено е следново: во случајот кога ја испитуваме зависноста на бројот на живородени и природниот прираст во периодот од 1979 до 2007 година во Р. Македонија постои висока директна (позитивна) праволиниска корелациона врска, односно 99,61% од вкупниот варијабилитет на природниот наталитет е детерминирано (објаснето) со варијабилитетот на бројот на живородените деца, а останатите 0,39% се влијание на други непредвидени фактори. Во случајот на испитувањето на поврзаноста на природниот прираст и бројот на вкупно починатите лица е дојдено до сознание дека постои висока (јака) инверзна (негативна) праволиниска корелациона врска, односно 96% од вкупниот варијабилитет на природниот наталитет е објаснет со варијабилитетот на бројот на вкупно починатите лица, а остатокот од 4% е влијание на останати непредвидени фактори. Авторите доаѓаат до сознание дека раѓањето (наталитетот) претставува позитивна компонента во движењето на населението и тоа влијае на зголемувањето на населението, додека смртта е негативна компонента којашто влијае на намалување на бројот на населението на определена земја.

**Евалуација на трудот број 4:**
***"Agriculture investments in developing countries"***

Во овој труд авторот ги разгледува инвестициите во земјоделството, како главен фактор за намалување на руралната сиромаштија во земјите во развој. Опфатени се инвестициите во земјоделството како неопходно средство за обезбедување на брз економски раст и намалување на сиромаштијата во земјите во равој. Во посиромашните земји во развој, земјоделството е основен извор на севкупниот економски развој. Заклучено е дека речиси една половина од работната сила во земјите во развој работат земјоделство и се потпираат на земјоделството како нивен главен извор на приходи. Во последните неколку години е забележан зголеменоит интерес од страна на меѓународната заедница за развој на земјоделството и руралниот развој. Мултилатералните донатори (како што е Светската банка) гледаат во земјоделството како на алатка за намалување на сиромаштијата за повеќето земји во развој и региони и е главна компонента на раст и намалување на сиромаштијата. Зголемен е интересот на домашни и странски приватни фирми (вклучувајќи и мултинационални агроиндустриски фирми) за инвестиции во секторите за земјоделството. Големиот интерес на фондации и приватни донатори е добредојден за развојот на тие земји.

**Евалуација на трудот број 5:**
***"Problems of information security"***

Во овој труд е разгледан проблемот за безбедноста на информациите кој е приоритет број еден во светот и неговото решавање треба да доведе до максимална безбедност на мрежните ресурси. Анализирани се последиците од прекршувањето на безбедноста на информациите кои се многубројни, а од нив се опфатени: загубата на приходите; намалувањето на довербата на инвеститорите; намалувањето на довербата на потрошувачите; загубата на податоците; повредата на бизнис процеси итн. Денес сигурноста на информациските системи и услуги ги прави компаниите и организациите многу поранливи. Информациската безбедност е постојан процес и постојано се грижи за заштита на информацијата, информациските системи од неовластен пристап, искористување, обелоденување, уништување, модификација, нарушување итн. Поради сето ова информациската безбедност е неопходен сегмент на сите операции кои се вршат во одреден бизнис независно од неговиот домен.

Авторот доаѓа до заклучок дека овој процес кој никогаш не престанува, вклучува постојана обука, проценка, заштита, следење и откривање, соодветно реагирање при настанување на инцидент и негова санкција, документација и ревизија.

**Евалуација на трудот број 6:**
***„Анализирање на зависноста помеѓу бруто-домашниот производ и трговијата на мало во Република Македонија во период од 1990 до 2009 година со примена на економетриски модели"***

Во овој трудот со помош на економетриските модели е анализирана зависноста помеѓу БДП и трговијата на мало. Авторот поттикнат од секојдневните многубројни дискусии за бруто-домашниот производ и значајноста на континуирано следење на факторите кои имаат влијание врз оваа појава, има извршено анализа со два економетриски модела, едноставен регресионен и двојно логаритамски модел.

Од обработените податоци за зависноста помеѓу бруто-домашниот производ и трговијата на мало во Р. Македонија забележуваме дека зависноста меѓу бруто-домашниот производ и трговијата на мало изнесува 0,99 (0,98), што значи дека меѓу анализираните (набљудуваните) појави постои многу јака т.е. директна (позитивна) корелативна линеарна врска.

Исто така, добиениот коефициентот на детерминација, кој изнесува 0,975 (0,96) ни покажува дека регресијата добро ја опишува зависната варијабла. Всушност, тој ни ја покажува објаснувачката моќ на регресијата. Во овој случај варијаблата трговија на мало објаснува со своите оценети вредности 97,5% (96%) од варијаблата БДП. Авторите доаѓаат до сознание дека трговијата на мало претставува позитивна компонента во движењето на бруто-домашниот производ.

**Евалуација на трудот број 7:**
*"Characteristics of portfolio under risk"*

Во овој труд авторите го разгледуваат ризикот на портфолио на средства, кој може да биде многу различен од ризикот на индивидуални средства што го сочинуваат портфолиото. Од анализата која е извршена, коефициентот на коваријанса и корелација на различни хартии од вреднсот ни покажува дека добрите и лоши профити од двете средства имаат тенденција да се појават во различни времиња. Исто така, во овој труд авторите имаат искористено формула за профит на портфолиото на средства како пондериран просечен профит на индувидуалните средства. Инвеститорот не може да ја поврзе единичната исплата со инвестицијата во кое било средство, затоа што постои појава на ризик. Исплатата треба да биде опишана како сет на резултати и истата се нарекува функција на фреквенција или дистрибуција на приход. Постои преглед на две најфреквентни особини (атрибути) од таква дистрибуција: очекуваниот приход и стандардна девијација. Бидејќи инвеститорите не поседуваат единично средство, постои загриженост како може да се пресмета очекуваниот приход и ризикот на портфолиото на средства, со дадени атрибути на поединечни средства.

**Евалуација на трудот број 8:**
*"Marketing strategy – foundation for SMEs development on Macedonian consumer market of confectionery products"*

Целта на овој труд е да нагласи за позитивното влијание на маркетинг стратегијата врз развојот на малите и средните претпријатија во кондиторската индустрија. Кондиторската индустрија е индустрија во која домашните македонските компании го губат пазарот од странските конкуренти со познати брендови и строго дефинирани стратегии. Овој труд ни дава одговор на прашањето за позитивната поврзаност на маркетинг стратегијата со развојот и растот на компаниите во слатката индустрија, потребата од збогатување на знаењата и овозможувањето на менаџерите да имаат право на информации во вистинско време. Потребата за формулирање на стратегија е мотивирана од потребата да се постави насока и да им се овозможи на компаниите да се движат преку турбулентните бизнис средини. Конкурентната маркетинг стратегија треба да биде стратегија на диференцијација на производите, со цени повисоки од оние на конкурентите, но пониски од оние кои се лидери

на пазарот. Производот треба да биде поставен на пазарот преку интензивна дистрибуција и поддржан со интегрирана маркетинг комуникација која се состои од економска пропаганда, промоција на продажбата, односи со јавноста и публицитет. На крајот, систем на контрола треба да се спроведува со цел да се осигура правилно извршување на маркетинг активности.

**Евалуација на трудот број 9:**
***"Export and GDP: The case of Macedonia"***

Во овој труд авторите го разгледуваат и анализираат економскиот развој како главна цел на секое едно општество во светот и економскиот раст како фактор со фундаментално значење за економскиот развој. Напоменато е дека многу работи придонесуваат за економскиот раст, а извозот е опфатен како еден од најважните придонесувачи меѓу нив.

Целта на корелацијата е да испита дали помеѓу варијациите на појавите постои квантитативно совпаѓање и колкав е интензитетот на таа врска. Во овој случај, кога се испитува извозот и бруто-домашниот во Р. Македонија е дојдено до сознание дека во периодот од 1998 до 2010 година во Р. Македонија постои висока директна (позитивна) праволиниска корелациона врска, односно 99% од вкупниот варијабилитет на бруто-домашниот производ е детерминирано со варијабилитетот на извозот.

Според оваа студија, влијанието на извозот врз бруто-домашниот производ (по глава на жител) во анализираниот период е статистички значаен. Позитивното влијание на извозот на бруто домашниот производ (по глава на жител) покажува дека за поттикнување на пожелно ниво на економски развој во избраната држава – Македонија, важен фактор е извозот. Очигледно, зголемувањето на извозот претставува подобрување на економскиот развој на земјата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Костадинка Чабулева има поднесено комплетна документација која се бараше во Конкурсот. Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатката покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на економетријата.

Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатката се потврдува со неговите објавени научни и стручни трудови. Научно -истражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и поширока област и проблематиката којашто се однесува на предметот за којшто кандидатот конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека м-р Костадинка Чабулева ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факулет да му предложи **кандидатката м-р Костадинка Чабулева да ја избере во звањето асистент за научната област економетрија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Трајко Мицески, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска, член, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, член, с.р.**

# Т А Б Е Л А

**за вреднување на активностите на м-р Костадинка Чабулева, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставници, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 46 | Број на часови по 0,2 поени за секоја учебна година | 9.2 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Магистерски труд „Стартиране на фирмите с експортни операции” | 1 | 4 | 4 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир „Корелациска зависност меѓу живородени деца и склучени бракови и живородени деца и разведени бракови во Република македонија” **(во земјата - 1 поен)** „Корелациска зависност меѓу природниот прираст на населението и живородени деца и починати лица во Република Македонија” **(во земјата-1 поен)** „Анализирање на зависноста помеѓу бруто-домашниот производ и трговијата на мало во Република Македонија во период од 1990 до 2009 година со примена на економетриски модели” **(во земјата - 1 поен)** “Agriculture investments in developing countries” **(во странство - 2 поени)** “Problems of information security” **(во странство - 2 поени)** “Characteristics of portfolio under risk**”** **(во странство - 2 поени)** “Marketing strategy – foundation for SMEs development on Macedonian consumer market of confectionery products” **(во странство - 2 поени)** “Export and GDP: The case of Macedonia” **(во странство - 2 поени)** | 5<br>3 | во странство 2<br>во земјата 1 | 10<br>3 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 3 | 2 | 6 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **40.2** | | |